РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ј.У. ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
I.P. QENDRA PËR PUNË SOCIALE
Бр./Nr. 04-34/5
16.01.2023 год./Viti
Крушево/Krushevë

Врз основа на член 212 став 16 и 17 од Законот за социјална заштита(Сл. весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19,302/20,163/21,294/21 и 99/22) член 21 став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14 и 27/16) и член 23 алинеа 9 од Статутот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево бр.01-142/2 од 21.06.2019 година,директорот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево донесе :

# О Д Л У К А

## За избор на давател на јавна услуга на неопределено работно време за работно место Статистичар во ЈУ ЦСР-Крушево

За давател на јавна услуга на неопределено работно време за работно место Статистичар- помошно стручен во службата за права на парична помош при ЈУ ЦСР-Крушево 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Јани Хаџи-Лега** од Крушево.
Именуваниот ќе биде вработен како Статистичар- помошно стручен во службата за права на парична помош при ЈУ ЦСР- Крушево по конечноста на оваа одлука.
Одлуката ќе се применува од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга, формирана со Решение донесено од директорот на ЈУ ЦСР-Крушево бр.04-123/22 од 27.12.2022год, а во функција на спроведување на постапка за вработување на неопределено време за работна позиција Статистичар- помошно стручен во службата за права на парична помош при ЈУ ЦСР-Крушево, а по објавениот оглас за вработување на неопределено време бр. 04-4199/7 од 13.12.2022 год, објавен во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Коха,, спроведе постапка согласно Законот за социјална заштита и Законот за вработените во јавниот сектор. Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју Комисијата за селекција на кандидатите за давател на јавна услуга изготви и до директорот на ЈУ ЦСР-Крушево достави извештај со ранг -листа бр. 04-34/4 од 13.01.2023год.
Согласно доставениот извештај со ранг-листата, се изврши ибор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на одлуката за избор на Статистичар- помошно стручен во службата за права на парична помош при ЈУ ЦСР-Крушево,директорот на ЈУ ЦСР-Крушево ќе донесе соодветно решение на Статистичар во службата за права на парична помош при ЈУ ЦСР-Крушево.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државната комисија за жалби во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката и нејзиното објавување на огласна табла на установата.

ЈУ ЦСР-Крушево
В.Д.Директор
**Василика Чавкароска**